Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Триесет и првата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 ноември 2024 година

Скопје, ноември 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и првата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 ноември 2024 година**

Седницата започна во 14:25 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, како и Дајанчо Ефтимов, државен секретар во Министерството за правда.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Венера Љатифи Азизи, портпарол на Владата на Република Северна Македонија .

На седницата не присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Весна Јаневска,

министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Реформска агенда 2024 – 2027 година, со текст на Барање

2. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Реформската агенда 2024 – 2027 година, со текст на Барање и ја усвои следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за европски прашања, Министерството за финансии, Министерството за јавна администрација, Министерството за економија и труд, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за образование и наука, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Агенцијата за управување со одземен имот, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Министерството за финансии - Биро за јавни набавки, Министерството за финансии - Царинска управа, Фондот за иновации и технолошки развој, а се укажува на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија и Државниот завод за ревизија во буџетите за 2025 година и следните години до 2027 година, да предвидат средства за спроведување на обврските од Реформската агенда, најдоцна до крајот на ноември 2024 година.

2. Се задолжуваат Министерството за европски прашања, Министерството за финансии, Министерството за јавна администрација, Министерството за економија и труд, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за образование и наука, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Агенцијата за управување со одземен имот, Комисијата за заштита на

конкуренцијата, Министерството за финансии - Биро за јавни набавки, Министерството за финансии - Царинска управа, Фондот за иновации и технолошки развој, а се укажува на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија и Државниот завод за ревизија да направат анализа на потребите од вработувања (со профили и компетенции, врз основа на претходно спроведена функционална анализа и обем на работа) за спроведување на Инструментот за реформи и раст, најдоцна до крајот на декември 2024 година и за истото да ја информираат Владата.

3. Го утврди текстот на Барањето за ослободување 7% пред-финансирање од вкупниот износ предвиден во Инструментот за реформи и раст за Северна Македонија.

4. Се овластува м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања веднаш да го потпише и достави до Европската комисија Барањето за ослободување 7% пред - финансирање од вкупниот износ предвиден во Инструментот за реформи и раст за Северна Македонија.

Истовремено, се задолжува Министерството за европски прашања во рок од три дена до сите министерства да достави преглед на активности и до кога истите треба да се завршат, поради следење на исполнувањето на обврските.

**Точка 2**

Владата на барање на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, проф. д-р Христијан Мицкоски, заклучи на секои две недели, после завршувањето на редовната седница, да се одржува тематска седница на Владата со цел следење на имплементирањето и завршувањето на обврските предвидени во Реформската агенда 2024-2027, односно Планот за раст на Европската Унија за Западен Балкан за периодот 2024-2027.

*
*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:50 часот.

| | |
|---|---|
| **Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Претседател на Владата на Република Северна Македонија** |
| **Игор Јанушев** | **проф. д-р Христијан Мицкоски** |